


# ПОТЕНЦИЈАЛНИТЕ МОЖНОСТИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СТОПАНСКАТА СОРАБОТКА МЕЃУ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И АВСТРИЈА

## СОДРЖИНА

I. Вовед* ............................................................ 2
II. ОБЕМ НА ДОСЕГАШНАТА СОРАБОТКА ............................................................ 3
    2.1. Странски директни инвестиции ............................................................ 3
    2.2. Надворешно-трговска размена ............................................................ 5
III. МОЖНОСТИ ЗА ИДНА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ МАКЕДОНИЈА И АВСТРИЈА .......... 9
    Предуслови за зголемување на идната економска соработка ......................... 9
    Можни правци за зголемена идна економска соработка .............................. 11





## I. Вовед*

Билатералните односи меѓу Република Северна Македонија (Македонија) и Република Австрија (Австрија) се карактеризираат со континуиран и динамичен дијалог на највисоко ниво и со заеднички иницијативи за интензивирање на соработката во повеќе области. Воедно, Австрија е и активен подржувач на евроинтеграциските процеси на Македонија.

Во поглед на економската соработка, Австрија е земја која што е втор најголем странски инвеститор во Македонија со инвестирани вкупно 687,1 милиони евра, заклучно со 2018 година. Притоа, инвестициите на австриските фирми се насочени претежно во секторите енергетика, телекомуникации, банкарство, осигурување, ИТ, итн.

Надворешно-трговската размена помеѓу Македонија и Австрија има голем потенцијал за понатамошно зголемување. Главните македонски извозни производи во Австрија се текстил, цевки, силициум, феросиликоманган, феросилициум, валани производи од железо и челик, додека пак главните увозни производи од Австрија се месо, храна, синтетички влакна, генератори за наизменична струја, возила за специјална намена.

Како индикација за интересот за постојано развивање на меѓусебната економска соработка, Македонија и Австрија имаат склучено повеќе договори и спогодби коишто со посебни закони се ратификувани во македонскиот парламент. Тука спаѓаат:

- Спогодбата меѓу владите на двете земји за научна и технолошка соработка.
- Договорот меѓу двете земји за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија во однос на данокот од доход и данокот на капитал.
- Договорот меѓу двете земји за поттикнување и заштита на инвестиции.
- Спогодбата меѓу двете влади за стопанска, земјоделска, индустриска, техничка и технолошка соработка.

** Заради конзистентност во приказот, користени се податоци од УНКТАД, од Народна банка на Република Северна Македонија и од Државниот завод за статистика, искажани во САД долари или евра, согласно расположливите временски серии.*

# II. ОБЕМ НА ДОСЕГАШНАТА СОРАБОТКА

## 2.1. Странски директни инвестиции

Австрија е земја чиишто правни субјекти континуирано ја шират економската активност надвор од државните граници. Во периодот од 2006 до 2017 година тие имаат инвестирано во светот вкупно 162,5 милијарди долари. Со тоа, Австрија се вбројува во групата на земји што се значајни европски инвеститори ширум светот.

**Табела 1**

| Кумулативен износ на СДИ од Австрија во Македонија, во милиони евра | | | |
|---|---|---|---|
| **Период** | **Вкупни СДИ во Македонија** | **СДИ од Австрија во Македонија** | **Учество на австриските инвестиции во вкупните СДИ во Македонија во %** |
| **1997** | 141,2 | 17,6 | 12,4 |
| **1998** | 270,4 | 30,1 | 11,2 |
| **1999** | 359,9 | 39,5 | 11,0 |
| **2000** | 580,1 | 33,0 | 5,7 |
| **2001** | 1.039,2 | 36,8 | 3,5 |
| **2002** | 1.160,7 | 37,7 | 3,2 |
| **2003** | 1.292,1 | 42,8 | 3,3 |
| **2004** | 1.610,2 | 62,3 | 3,9 |
| **2005** | 1.769,0 | 57,7 | 3,3 |
| **2006** | 2.098,6 | 219,4 | 10,5 |
| **2007** | 2.545,2 | 238,3 | 9,4 |
| **2008** | 2.968,8 | 334,6 | 11,3 |
| **2009** | 3.141,4 | 362,6 | 11,5 |
| **2010** | 3.256,0 | 341,5 | 10,5 |
| **2011** | 3.615,1 | 365,0 | 10,1 |
| **2012** | 3.685,5 | 396,8 | 10,8 |
| **2013** | 3.980,0 | 484,3 | 12,2 |
| **2014** | 4.023,6 | 516,3 | 12,8 |
| **2015** | 4.400,1 | 524,9 | 11,9 |
| **2016** | 4.602,5 | 567,5 | 12,3 |
| **2017** | 4.660,1 | 636,7 | 13,7 |
| **2018** | 5.307,0 | 687,1 | 12,9 |

*Извор: НБРСМ*

Табела 1 дава приказ на вкупно акумулираниот износ на странски директни инвестиции во Македонија, не по поодделни години, туку заклучно со крајот на секоја година. Притоа, може да се нотира дека заклучно со крајот на 2018 година во Македонија се инвестирани странски директни инвестиции во вкупен износ од 5,3 милијарди евра. Од тоа, 687,1 милиони евра се странски директни инвестиции што потекнуваат од Австрија, со што тие учествуваат со 12,9% во вкупните странски директни инвестиции што воопшто влегле во Македонија.



На тој начин, Австрија е земја која што е втор најголем инвеститор во Македонија. Пред Австрија, на прво место е Велика Британија од која заклучно со 2018 година во Македонија дошле вкупно 739,6 милиони евра странски директни инвестиции, а по Австрија, на трето место е Грција со вкупни инвестиции од 488,3 милиони евра. Со оглед на тоа што странските директни инвестиции се повисок степен на економска соработка од надворешно-трговската размена, високиот износ на инвестиции од Австрија е индикатор за довербата на австриските компании во можностите што ги нуди Македонија како бизнис дестинација.

Низ текот на времето, учеството на странските директни инвестиции со потекло од Австрија во вкупните кумулирани странски директни инвестиции во Македонија не било секогаш исто. Може да се забележи дека тоа било едноцифрено учество во периодот 2000-2005 година заради релативно поголемите инвестиции од други земји поврзани со приватизацијата на позначајни компании од Македонија. Но, влезот на ЕВН во 2006 година и на Шпаркасе банка во 2008 година на македонскиот пазар повторно го зацврстија учеството на австриските, во вкупните странски директни инвестиции во Македонија на двоцифрено ниво. Позитивниот тренд на прилив на странски директни инвестиции од Австрија во Македонија продолжи и во наредниот период. Имено, и покрај тоа што, на пример, во последните десет години, учеството на вкупните акумулирани странски директни инвестиции од Австрија во вкупните странски директни инвестиции во Македонија е стабилно и малку зголемено (од 11,3% на 12,9%), тоа не значи дека инвестициите од Австрија не се зголемиле во апсолутен износ. Напротив, тие се повеќе од двојно зголемени (од 334,6 милиони евра на крајот од 2008 година на 687,1 милиони евра на крајот од 2018 година). Набљудувано секторски, австриските странски директни инвестиции во земјава се доминантно насочени во секторите енергетика, телекомуникации, градежништво, банкарство и осигурување.



Сепак, и покрај тоа што странските директни инвестиции од Австрија имаат големо значење за македонската економија, треба да се има предвид дека тие претставуваат минимален дел од вкупните австриски инвестиции ширум светот.

**Табела 2**

| Австриски инвестиции во светот во милиони САД долари (по поодделни години) | | |
|---|---|---|
| **Период** | **СДИ од Австрија во светот** | **Учество на реализираните австриски инвестиции во Македонија во вкупните австриски инвестиции кон светот (во %)** |
| 2006 | 11.974 | 1,84 |
| 2009 | 10.998 | 0,44 |
| 2012 | 13.109 | 0,4 |
| 2017 | 10.563 | 1,6 |
| **Вкупно (2006-2017)** | **162.527** | **0,4** |

*Извор: Унктад*

Од Табела 2 може да се види дека во поодделни години инвестициите во Македонија учествувале со околу 0,4% до 1,8% во вкупните инвестиции кои Австрија ги реализирала ширум светот. Набљудувано кумулативно за целиот период (2006 – 2017 година) учеството е само 0,4%. Ова покажува дека во наредниот период Македонија треба да бара решение за предизвикот како да го подобри економскиот амбиент за да привлече поголем дел од австриските инвестиции, кои во секој случај би се реализирале некаде во светот. Како да се привлечат уште поголем број австриски инвеститори пред сé во технолошко интензивни дејности во реалниот сектор, за да се произведуваат производи со повисока додадена вредност?

## 2.2. Надворешно-трговска размена

Приказната на надворешно-трговската размена помеѓу Австрија и Македонија се разликува во споредба со странските директни инвестиции. Според податоците за остварената трговска размена во 2018 година, Австрија не се вбројува меѓу десетте најголеми трговски партнери на Македонија и се наоѓа на 13-тото место. Пред Австрија се позиционирани десет европски земји, од кои осум се земји членки на ЕУ, а две се неевропски земји.

Табела 3 покажува дека во периодот 1992 – 2018 година надворешно-трговската размена на Македонија со светот има тренд на континуиран пораст. Тој раст особено

добива на интензитет во периодот по 2010 година и се поклопува со влезот на странски инвеститори во технолошко-индустриските развојни зони.

**Табела 3: Надворешно-трговска размена на Македонија**

| | 1992 | 1997 | 2000 | 2005 | 2010 | 2015 | 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупна надворешно-трговска размена на Македонија со светот (во милиони САД долари, по поодделни години)** | 2.405 | 3.015 | 3.416 | 5.275 | 8.826 | 10.957 | 15.960 |
| **Надворешно-трговска размена на Македонија со Австрија (во милиони САД долари, по поодделни години)** | 42,2 | 62,2 | 51,9 | 78,2 | 131,2 | 176,9 | 320,8 |
| **Учество на надворешно-трговската размена со Австрија во вкупната надворешно-трговска размена на Македонија (во %)** | 1,75 | 2,06 | 1,52 | 1,48 | 1,48 | 1,61 | 2,01 |

*Извор: Државен завод за статистика*

Надворешно-трговската размена на Македонија со Австрија генерално ја следи динамиката на пораст на вкупната надворешно-трговска размена на Македонија со светот. Од почетните, 42,2 милиони САД долари во 1992 година, таа е зголемена на 320 милиони САД долари, во 2018 година. Но, набљудувано во релативни големини, учеството на размената со Австрија во вкупната размена на Македонија со светот не е значително зголемено и се движи во тесен распон од околу 1,5 до 2%.

Австрија е многу важна земја за македонскиот извоз и се вбројува во десетте најважни пазари за Македонија. Во 2018 година Австрија е на деветто место според извозот на Македонија во поодделни земји. Сите осум земји што се пред Австрија се европски земји, од нив шест се од ЕУ, а две се од регионот на Западниот Балкан.

**Табела 4: Македонскиот извоз**

| | 1992 | 1997 | 2000 | 2005 | 2010 | 2015 | 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупен извоз од Македонија (во милиони САД долари, по поодделни години)** | 1.199 | 1.237 | 1.323 | 2.042 | 3.351 | 4.530 | 6.908 |
| **Извоз на Македонија во Австрија (во милиони САД долари, по поодделни години)** | 20,8 | 18,4 | 10,2 | 9 | 36,9 | 41,1 | 166 |
| **Учество на извозот во Австрија во вкупниот извоз на Македонија (во %)** | 1,73 | 1,48 | 0,77 | 0,44 | 1,1 | 0,91 | 2,4 |

*Извор: ДЗС*

Вкупниот извоз на Македонија во периодот 1992 - 2018 година го следи трендот на движење на вкупната надворешно-трговска размена, но има побавна динамика на раст. Притоа, извозот во Австрија го карактеризира значителна варијабилност. Табела 4 покажува дека во набљудуваниот период учеството на македонскиот извоз во Австрија во вкупниот извоз на Македонија паѓа и под 1%, и варира во распон од 0,44% до 2,4%, што е значително поголема флуктуација од онаа кај учеството на Австрија во вкупната надворешно-трговска размена на земјава. Сепак, охрабрува фактот дека во 2018 година извозот во Австрија достигнал 166 милиони САД долари и учествувал со 2,4% во вкупниот македонски извоз кон светот, што е највисоко учество во годините прикажани во табелата.

Набљудувано според секторите дефинирани согласно Стандардната меѓународна трговска класификација, структурата на македонскиот извоз во Австрија, не се менува значително во текот на годините. Најзастапени производи во македонскиот извоз во Австрија во 2018 година се:

- сетови на проводници за палење и слично, за возила, авиони или бродови - **120,9** милиони САД долари;
- машки јакни и блејзери - **9,7** милиони САД долари;
- машки панталони, работни комбинезони, шорцеви и доколенки - **6,9** милиони САД долари;
- плетена или хеклана постелнина - **3,9** милиони САД долари;
- други заварени цевки што не се со кружен попречен пресек - **3,01** милиони САД долари;
- други возила за специјална намена - **1,9** милиони САД долари;
- златни пари и метални пари - **1,6** милиони САД долари;
- ткаенини добиени од траки или слични производи (синтетички) - **1,4** милиони САД долари.

**Табела 5: Македонскиот увоз**

| | 1992 | 1997 | 2000 | 2005 | 2010 | 2015 | 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупен увоз во Македонија (во милиони САД долари, по поодделни години)** | 1.206 | 1.779 | 2.094 | 3.233 | 5.474 | 6.427 | 9.052 |
| **Увоз на Македонија од Австрија (во милиони САД долари, по поодделни години)** | 21,4 | 43,8 | 41,7 | 69,2 | 94,2 | 135,8 | 154,8 |
| **Учество на увозот од Австрија во вкупниот увоз во Македонија (во %)** | 1,77 | 2,46 | 1,99 | 2,14 | 1,72 | 2,11 | 1,71 |

*Извор: ДЗС*

Во набљудуваниот период, вкупниот увоз на Македонија го карактеризира побрза динамика на раст од извозот, што резултира со перманентен надворешно-трговски дефицит. Притоа, увозот од Австрија постепено се зголемува и достигна 154,8 милиони САД долари во 2018 година, што претставува 1,71% од вкупниот македонски увоз. Табелата покажува дека увозот од Австрија има релативно помал распон на флуктуација од македонскиот извоз во Австрија. Инаку, Австрија е 15-та на ранг листата на земји од кои Македонија увезува. Пред Австрија се девет земји од ЕУ.

Набљудувано по поодделни производи, во македонскиот увоз од Австрија во 2018 година најзастапени се увозот на:

- месо, говедско, со коски, свежо или разладено - **14,4** милиони САД долари;
- други електрични спроводници, за напон што не надминува 1000 В - **10,8** милиони САД долари;
- изолациони делови од пластика - **9,08** милиони САД долари;
- табли, плочи, плутови, ормани и слично за подгрупа 772.6 без свои апарати - **8,6** милиони САД долари;
- други производи од пластични маси - **7,2** милиони САД долари;
- други производи за игра што се пуштаат со пари или жетони - **6,2** милиони САД долари;
- монофиламенти од полимери на винилхлорид - **2,9** милиони САД долари;
- кутии од небрановита хартија и картон - **2,8** милиони САД долари;
- останати прехранбени производи, кои содржат какао, во блокови, полнети или неполнети - **2,7** милиони САД долари;
- површински активни препарати за перење и чистење, н.н, припремени за малопродажба - **2,6** милиони САД долари;
- останати производи за исхрана, н.н - **2,4** милиони САД долари;
- вода (вклучувајќи минерална и газирана) со додаток на шеќер и други средства за засладување или ароматизација, останати безалкохолни пијалаци, неспомнати на друго место - **2,3** милиони САД долари;

Надворешно-трговската размена на Македонија со Австрија по правило резултира со дефицит на македонската страна, којшто варира по својата големина. Исклучок е 2018 година, кога Македонија оствари суфицит во размената во износ од 11,2 милиони САД долари.

Набљудувано во целина, трговската размена на Македонија со Австрија има нагорен тренд. Изразени во апсолутни големини, извозот и увозот растат. Но, учеството на Австрија во вкупната надворешно-трговска размена на Македонија, и поодделно во извозот и увозот, сепак се на скромно ниво. Тоа што размената на Македонија со светот ја карактеризира релативно висок степен на концентрација каде што само една земја учествува со 26,9%, а првите четири земји со 44,9% во вкупната надворешно-трговска размена на земјата, не смее да биде пречка за нејзина диверзификација и зголемување на размената со Австрија.

# III. МОЖНОСТИ ЗА ИДНА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ МАКЕДОНИЈА И АВСТРИЈА

## Предуслови за зголемување на идната економска соработка

Мерено според големината на бруто домашниот производ (БДП), австриската економија е многу поголема од македонската. Во 1992 година таа била поголема 43,4 пати, а во 2018 година поголема 39,6 пати. Табелата 6 покажува дека во 2018 година (по постојани цени од 2010 година) македонската економија има БДП од 11,2 милијарди САД долари, а австриската од 444,6 милијарди САД долари. Тоа ги става двете земји на различни развојни патеки, со различни агенди и приоритети, но тоа не е пречка за поголема билатерална економска соработка.

**Табела 6: БДП** (во милиони САД долари по постојани цени 2010)

| Период | Македонија | Австрија |
|---|---|---|
| **1992** | 6.324 | 274.784 |
| **2002** | 6.904 | 346.387 |
| **2012** | 9.583 | 406.092 |
| **2018** | 11.240 | 444.611 |

*Извор: УНКТАД*

Податоците во Табела 6 покажуваат дека во периодот 1992 – 2018 година, БДП на Македонија се зголемил за 77,8%, а на Австрија за 61,8%. Со оглед на тоа што се случува врз пониска основа, побрзиот раст на македонската економија е очекуван и конзистентен со нејзината претпоставена постепена конвергенција кон европскиот просек.

**Табела 7: Просечни стапки на реалниот раст на БДП во одделни периоди (во %)**

| Земја | 1992 - 1995 | 1995 - 2000 | 2000 - 2005 | 2005 - 2010 | 2010 - 2015 | 2013 - 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Македонија** | -1,44 | 3,00 | 2,19 | 3,99 | 2,35 | 2,56 |
| **Австрија** | 1,92 | 3,03 | 1,74 | 1,08 | 0,89 | 1,85 |

*Извор: УНКТАД*

Како илустрација на процесот на конвергенција, Табела 7 ги покажува просечните стапки на раст на БДП на Македонија и Австрија за поодделни временски периоди. Може да се нотира дека во периодот по осамостојувањето Македонија има негативна стапка на економски раст, но дека по процесот на стабилизација, од 2000 година наваму за поодделните периоди македонската економија има повисоки просечни стапки на раст од австриската економија.

Воедно, податоците покажуваат и дека австриската економија успеа релативно добро да се справи со последиците од глобалната финансиска криза во 2008-2009 година. Способноста за брзо закрепнување е индикатор за моќта и стабилноста на австриската економија.

**Табела 8: Проекции за растот на реалниот БДП** (во %)

| Земја | 2019 | 2020 |
|---|---|---|
| **Македонија** | 3,2 | 3,4 |
| **Австрија** | 1,6 | 1,7 |

*Извор: World economic outlook, IMF, October 2019*

Табела 8 ги прикажува проекциите на Меѓународниот монетарен фонд (ММФ) (*World economic outlook, IMF, October 2019)* за растот на македонската и австриската економија за тековната, и за 2020 година. Проектираните стапки упатуваат на заклучок дека позитивните движења ќе продолжат во двете економии, не се очекуваат поголеми економски потешкотии и се предвидуваат релативно добри стапки на економски раст на БДП. Ова е охрабрувачки податок за потенцијалот за зголемување на економската соработка помеѓу Македонија и Австрија во наредниот период.

**Табела 9: БДП по глава на жител**
(по постојани цени од 2010 година, во САД долари)

| Период | Македонија | Австрија |
|---|---|---|
| **1992** | 3.180 | 35.090 |
| **2002** | 3.370 | 42.583 |
| **2012** | 4.621 | 47.763 |
| **2018** | 5.391 | 50.005 |

*Извор: УНКТАД*

Податокот за БДП по жител често се користи како индикатор за економската благосостојба и просечниот животен стандард на поодделни земји. Во 2018 година австрискиот БДП по жител е повисок од македонскиот за 9,3 пати.

Табела 9 покажува дека македонскиот БДП по жител во 2018 година, во однос на истиот од 1992 година е зголемен за 69,5%. Планираниот попис на населението во Македонија ќе ги идентификува лицата што се иселиле од земјата што ќе детерминира значително повисока вредност на БДП по жител во годината кога ќе се направи пописот. Во периодот 1992 – 2018 година австрискиот БДП по жител е зголемен за 42,5%. Повисоката стапка на раст на македонскиот БДП по жител во споредба со австрискиот за 27 процентни поени резултираше со тоа да се намали разликата помеѓу австрискиот и македонскиот просечен животен стандард, така што ако австрискиот животен стандард беше подобар 11 пати во 1992 година, во 2018 година е подобар 9,3 пати.

Кога ќе се резимираат перцепциите за австриската економија се наметнува заклучокот дека станува збор за силна и развиена економија, со силна способност за брзо

закрепнување, со добри проекции, од релевантни извори, за иден раст. Австрија е земја со висок животен стандард што упатува на нејзина висока апсорпциска моќ која може да се искористи за зголемена понуда на македонски производи на австрискиот пазар. Покрај зголемувањето на надворешно-трговската размена постои и економска подлога за идно зголемување на австриските директни инвестиции во македонската економија. Во целина, економските фундаменти укажуваат на постоење на здрава основа за оптимизам за продлабочување на идната економска соработка помеѓу Македонија и Австрија.

## Можни правци за зголемена идна економска соработка

Продлабочувањето на економската соработка помеѓу Македонија и Австрија е одлична можност од чија реализација би имале корист компаниите и потрошувачите од двете земји. Притоа, важна поткрепа за економски раст дава одличната политичка соработка помеѓу двете земји. Австрија е силен поддржувач на евроинтеграциските заложби на Македонија.

При разгледувањето на идните можности за зголемување на економската соработка меѓу двете земји треба да се имаат предвид некои од карактеристиките на австриската економија. На пример:

- Австрија има значајно економско присуство во регионот на Западен Балкан, на којшто му припаѓа и Македонија. Таквата стратешка ориентација на Австрија е компатибилна со очекувањата дека може дополнително да се продлабочи соработката и со Македонија. Регионалната соработка во Западниот Балкан е многу важна во процесот на ЕУ интеграциите на земјите од Западен Балкан. Повисокото ниво на регионална соработка, не само декларативна, туку реална, ќе придонесе за побрз економски развој, но и за одржливост на економиите на земјите во регионот.

- Австрија има многу силна мрежа на извозно ориентирани мали и средни претпријатија (МСП), високи академски стандарди и големи инвестиции во истражување и развој.

- Австрија успешно спроведува политика за економска специјализација за секој регион во последните 15 години: Горна Австрија (железо, челик, хемиска и механичка индустрија), Салцбург (електрична енергија, дрво и хартија), Предралска (текстил, облека), Каринтија (дрво, пулпа и друга хартиена индустрија), Стирија (автомобилска индустрија) и Виена (финансиски услуги).

- Секторот за обновлива енергија расте, особено сегментот на хидроелектрична енергија. Перформансите на секторот ги надминаа резултатите во секторот туризам и градежништво. До 2020 година, австриските енергетски компании се очекува да

инвестираат скоро 10 милијарди евра во дистрибуцијата, ефикасноста и надградбата на енергетскиот сектор.

- Според најновите расположиви податоци на Евростат, 23,4% од земјоделското земјиште во Австрија е еко-земјоделство, највисока стапка во ЕУ. Австриските потрошувачи ги доживуваат органските производи како производи со највисок квалитет и побарувачката за такви производи расте секоја година. Аналитичарите предвидуваат дека австрискиот пазар на органска храна ќе расте со просечна годишна стапка од 5% (или 3% претпоставувајќи непроменети цени) за периодот 2019-2023 година, достигнувајќи 723 милиони евра во 2023 година.

Од досегашната соработка, особено имајќи предвид дека странските директни инвестиции на правните лица од Австрија ја прават земјата втор најголем странски инвеститор во Македонија, очигледно е дека австриските компании веруваат во потенцијалот на македонската економија и го сметаат економскиот амбиент за атрактивен. Во овој контекст треба да се спомене дека на чело на Советот на странски инвеститори при Стопанската комора на Македонија е токму човек од Австрија - Штефан Петер, генерален директор на „ЕВН Македонија“. Со својот ангажман тој континуирано се залага за уште подобар економски амбиент што ќе резултира со поуспешно работење на постојните и привлекување на нови странски инвеститори во Македонија.

Инвестициите и соработката во енергетски решенија и услуги од областа на фотоволтаиците и складирање енергија се дел од областите на кои фирмите од двете држави може да најдат решенија за соработка, а интенцијата е соработка и во производството и развојот на енергија од обновливи извори. Од големо значење е продолжување и поттикнување на инфраструктурните инвестиции во енергетскиот сектор со нови странски инвестиции што би дошле директно од Австрија, но и за компании кои се со мешовит, австриски и друг капитал, кои би можеле да реализираат инфраструктурни вложувања во Македонија.

Во поголема мерка треба да се искористат можностите за соработка во областа на земјоделското производство. Искуствата на австриските компании во областа на органското производство, можниот трансфер на знаење и технологија, во комбинација со можностите што ги нудат европските фондови и македонските климатски услови, можат да резултираат со победничка, за двете страни, ситуација (win-win) за зголемено земјоделско производство со повисок квалитет и заеднички пласман на австрискиот, македонскиот или трети пазари. Природна екстензија на земјоделското производство се преработувачките капацитети во прехранбената индустрија, каде што исто така постојат значителни можности за соработка. Формирањето на конзорциуми и други облици на здружување, со цел заеднички настап на трети пазари, е можен и во други економски сектори, како што се металната и електроиндустријата и градежништвото.

Австрија и Македонија имаат потенцијал за поголема соработка и во областа на заштита на животната средина, здравството, социјалните работи и образовниот сектор.






Можат да се очекуваат поголеми активности и во финансискиот сектор. Тековното преземање на Охридска банка од страна на Шпаркасе банка Македонија ќе ја направи оваа банка четврта најголема банка во Македонија. Согласно состојбата на крајот од првата половина на 2019 година, активата на Шпаркасе банка Македонија по преземањето ќе биде малку над една милијарда евра, со што таа ќе има учество од 12,4% во вкупната актива на банкарскиот сектор на земјата. Ваквата позиција на банката, придружена од нејзиното присуство во регионот на Западен Балкан, во иднина ќе овозможи зголемена лепеза на банкарски производи и услуги за компаниите и домаќинствата во Македонија.

Во целина, за македонските компании е важно во рамките на соработката со австриските компании да можат да го унапредат своето производство со нови технологии, инвестиции, знаење (know how) и отворање можности за заеднички настап на нови трети пазари, а тоа ќе овозможи зголемување на потенцијалите за извоз на македонските компании и на конкурентноста.

Австрискиот пазар и пазарите во Европа немаат бариери за увоз на македонски производи, но она што во многу наврати, во можностите за соработка, се забележува е недостигот на соодветни стандарди коишто македонските компании треба да ги исполнат за да може да бидат конкурентни на пазарите во Европа и пошироко.

Вложувањето на максимални напори од страна на сите чинители за поголема економска соработка помеѓу Македонија и Австрија ќе резултира со можност за уште поголемо поврзување на најдобрите претприемачи од двете земји, нивни конкретни заеднички активности и поголем прогрес на сите.